Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, став (1) алинеја 4 од Законот за енергетика („Службен весник на Р.М.“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), член 23 став (1) и (2) од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 201/16 и 87/17) и Тарифниот систем за дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 19/13), а во врска со Одлуката за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС“-Струмица УП1 бр.08-85/16 од 28.12.2016 година и постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран приход и тарифи за дејноста дистрибуција на природен гас за 2018 година од регулиран период од 2017-2021, бр. 03-440/1 од 15.12.2017 година, доставено од Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА-ГАС, Струмица, на седницата одржана на 28 декември 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2018 година на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС“-Струмица**

1. На Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС“- Струмица, за 2018 година од регулираниот период 2017-2021 година, се одобрува регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас да изнесува 2,87 ден/$nm^3$.

2. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага нејзиното извршување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2018 година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС“- Струмица (во понатамошниот текст: ЈПЕД „СТРУМИЦА ГАС“- Струмица, согласно член 23 од Правилникот за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос, управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ“ бр. 201/16 и 87/17), (во понатамошниот текст: Правилник), до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика) на ден 15.12.2017 година, достави Барање за одобрување на регулиран приход и тарифи, за услугата дистрибуција на природен гас за

2018 година, бр. 03-440/1 од 15.12.2017 година (во натамошниот текст: Барање), заведено во архивата на Регулаторната комисија за енеретика под УП1 бр. 08-196/17 од 15.12.2017 година.

ЈПЕД „СТРУМИЦА ГАС“- Струмица во прилог кон Барањето за одобрување на регулиран приход и тарифи ја достави следната документација:

1. Пропратно писмо;
2. Бруто биланс за 2016 година;
3. Бруто биланс до 31.10.2017 година;
4. Биланс на состојба и Биланс на успех за 2016 година и
5. Табели за определување на регулирана тарифа, согласно Прилог 4 од Правилникот.

Во Барањето ЈПЕД „СТРУМИЦА ГАС“- Струмица, предлага регулираната тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2018 година, да остане непроменета, односно да биде на исто ниво, како што било утврдено со Одлуката за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС“- Струмица УП1 бр.08-85/16 од 28.12.2016 година.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-2129/1 од 22.12.2017 година, свика подготвителна седница на 26.12.2017 година, на која предмет на разгледување беше „Предлог – Одлука за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2018 година на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС“ - Струмица“.

Подготвителната седница се одржа на 26.12.2017 година. На подготвителната седница беа поканети претставници од ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол - Скопје, АД ГА-МА – Скопје, ЈПЕД Струмица Гас – Струмица, ЈП Куманово Гас – Куманово, Министерство за економија, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Стопанска Комора на РМ, Сојуз на Сопански комори на Македонија, Совет за заштита на потрошувачите на РМ, Комисија за заштита на конкуренцијата, Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, АД ЕЛЕМ – Енергетика – Скопје, Арцелормиттал Скопје АД, АД МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, Когел Стил ДОО-Скопје, Когел Север ДОО – Скопје, ТЕ-ТО АД – Скопје, Скопје Север АД Скопје и Макстил АД Скопје.

Од поканетите, присуствуваа претставници на ДТИРЗ, Макпетрол Пром-Гас ДООЕЛ Скопје, АД Макпетрол - Скопје, АД ГА-МА – Скопје, ЈПЕД Струмица Гас – Струмица, ЈП Куманово Гас – Куманово, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Производство на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, АД МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје, ТЕ-ТО АД – Скопје и Макстил АД Скопје.

Со цел да се овозможи приклучување на повеќе потрошувачи и да се зголеми потрошувачката на природен гас, како и да се зголеми конкурентноста во снабдувањето со природен гас во однос на останатите енергенси, Регулаторната комисија за енергетика, по анализата на податоците од барањето, односно од инвестициониот проект, донесе Одлука за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС"-Струмица УП1 бр.08-85/16 од 28.12.2016 годината на ЈПЕД „СТРУМИЦА ГАС"- Струмица, за регулираниот период 2017-2021 година.

Имајќи ја во предвид Одлуката за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС"-Струмица, за регулираниот период 2017-2021 година и документацијата и податоците од доставеното Барање за 2018 година, Регулаторната комисија за енергетика, направи анализа на податоците и утврди дека истите се во во рамките на веќе одобрената тарифа.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика, ја прифати предлог тарифата од барањето на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС"-Струмица, за дистрибуција на природен гас, за 2018 година од регулираниот период 2017-2021 година, да изнесува 2,87 ден/$nm^3$.

Имајќи го предвид напред наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**<u>ПРАВНА ПОУКА</u>**: Против оваа одлука, незадоволната страна може да поднесе жалба преку Регулаторната комисија за енергетика до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 Бр. 08-196/17**
**28 декември 2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Димитар Петров**